Врз основа на член 48 од Законот за административни службеници (“Сл.весник на РМ“ бр.27/2014, 199/2014, 154/2015, 48/2015, 142/2016 и 11/2018), , ФОНДОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА, објавува

# И Н Т Е Р Е Н  О Г Л А С бр. 1/2018

**за унапредување на административен службеник во Фондот за здравствено осигурување на Македонија**

Фондот за здравствено осигурување на Македонија објавува интерен оглас за унапредување на административен службеник за работно место:

**1. ДИРЕКТОР НА СЕКТОР ЗА ФИНАНСИСКИ ПРАШАЊА при Фондот за здравствено осигурување на Македонија, со звање Директор на Сектор со шифра на работно место ФЗО0102Б01001 – 1 извршител**

**Општи услови:**

- да е државјанин на Република македонија,
- активно да го користи македонскиот јазик,
- да е полнолетен,
- да има општа здравствена способност за работното место и
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана навршење професија, дејност или должност.

**Посебни услови:**

- VI А според Македонската рамка на квалификации и стекнати намјмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен, Економски науки,
- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење,
- најмалку шест години работно искуство во струката од кои најмалку две години на раководно работно место во јавен сектор, односно најмалку десет години работно искуство во струката од кои најмалку три години на раководно работно место во приватен сектор.
- активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (антлиски, француски, германски)

Покрај горенаведените посебни услови предвидени во Правилникот за систематизација на работните места во Фондот за здравствено осигурување на Македонија, заинтересираните кандидати треба да ги исполнуваат и условите утврдени во член 48 ставот 5 од Законот за административни службеници:

- да биде оценет со оценка А или Б при последното оценување,
- да е на работно место кое согласно актот за систематизација на непосредно пониско ниво од работното место за кое е објавен интерниот оглас, или да е на работно место во рамките на истата категорија во која е работното место за кое е објавен интерниот оглас,
- да поминал најмалку две години на тековното работно место и
- да не му е изречена дисциплинска мерка во последната година пред објавувањето на интерниот оглас.

Рок за поднесување на пријавите **е 5 дена** од објавување на огласот.

Заинтересираните кандидати пополнетата пријавата за унапредување и доказите за податоците содржани во неа (уверение за завршено образование, доказ за работно искуство во струката, доказ за положен испит за административен службеник, доказ за поседување на сертификат за познавање на програми за канцелариско работење, ги доставуваат преку преку архивата на Фондот за здравстено осигурување на Македонија до Секторот за управување со човечки ресурси со назнака за интерен оглас.

Кон пријавата кандидатите можат да ги приложат следниве докази во скенирана форма: - потврди за успешно реализирани обуки и/или - потврди за успешно реализирано менторство (како ментор или менториран административен службеник).

Кандидатите кои ќе внесат лажни податоци во пријавата се дисквалификуваат од натамошната постапка.

Постапката за селекција за унапредување ќе ја спроведе **Комисија** формирана од Директорот на Фондот за здравствено осигурување на Македонија.